РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-154/4
05-06-2023 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-та седница одржана на ден 01.06.2023 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-154/1 од 10.01.2023 година, поднесена од анонимно лице, во која се укажува на сомневања за постоење на корупција и неправилности во врска со вработувањето на лицето ----------------------- во Православниот богословски факултет ,,Свети Климент Охридски,, во Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-154/1 од 10.01.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на анонимен подносител на ден 10.01.2023 година, доставена е анонимна пријава заведено под број 12-154/1, со наводи за незаконско вработување на лицето -------------------------- од Скопје во Православниот богословскиот факултет ,,Свети Климент Охридски,,- Скопје.

Подносителот во пријавата наведува дека лицето -------------------------- подолг период работи во Православниот богословски факултет ,,Свети Климент Охридски,,- Скопје без да ги исполнува законските услови предвидени согласно Законот за високо образование. Наводно лицето ----------------------- нема стекнато научно звање и од тие причини не смее да работи како асистент или професор во факултет. Исто така во пријавата се наведува дека вработувањето на ----------------------- во Православниот богословски факултет ,,Свети Климент Охридски,, го поддржат влијателни луѓе од Македонската Православна Црква-Охридска архиепископија, кои вршат притисок врз раководството на Православниот богословски факултет во Скопје.

Со цел проверка на наводите на пријавата и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Богословскиот факултет ,,Свети Климент Охридски,,- Скопје.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во законски утврдениот рок, добиени се сите информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

-Православниот богословски факултет ,,Свети Климент Охридски,,-Скопје ни достави одговор во кој е наведено дека лицето ---------------------------- не е веќе во работен однос во Православниот богословски факултет ,,Свети Климент Охридски,,-Скопје. Во прилог на Одговорот ни доставија и Одлука за избор на ------------------------ за помлад асистент со бр.02 од 12.01.2009 година и Решението за престанок на работен однос со бр.49/1 од 13.02.2023 година.

При разгледување на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што од прибавените информации, не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател
Катица Николовска

Изработил: Ф.Ј.
Одобрил: м-р Ш.С, член на ДКСК